# Препораки за повторно отворање на детските градинки по кризата со ковид-19

**УНИЦЕФ Европа и Централна Азија**

**26 мај 2020**

## ЗАДНИНА

УНИЦЕФ активно работи со владите во поддршка на нивните заложби за проценка на состојбата и носење одлуки кога и како повторно да се отворат детските градинки. Одлуката дали делумно или целосно да се отворат детските градинки треба да се темели на пристап базиран на ризикот, со цел да се овозможат најголеми придобивки за образованието, развојот и здравјето кај децата, воспитувачите и пошироката заедницата, и да се помогне да се спречи појава на нов бран со ковид-19 во заедницата[i]. Во неодамнешната рамка за повторно отворање на градинките, УНИЦЕФ и партнерите ставаат акцент на шест клучни димензии кои треба да се земат предвид при планирањето за повторно отворање на училиштата: *политики, финансирање, безбедно работење, учење, опфаќање на најмаргинализираните и добросостојба/заштита*.[ii] СЗО, исто така, неодамна објави упатства со корисни аспекти поврзани со повторното отворање на училиштата и детските градинки врз основа на темелна проценка на ризикот од епидемиолошките фактори и проценка на здравствениот систем и капацитетот на јавното здравство.[iii]

Детските градинки имаат посебен образовен пристап и поставеност, и спаѓаат меѓу првите за кои треба да се разгледа повторното отворање. Во многу држави не беше возможно да се обезбеди квалитетно учење на далечина за деца од предучилишна возраст, посебно за маргинализирани групи, па така, иако властите може да го продолжат учењето на далечина за повозрасните деца, одлуката да се отворат градинките може да дојде пред одлуката да се отворат училиштата. Со оглед на улогата која детските градинки ја имаат, не само да даваат поддршка на децата, туку и во однос на можноста родителите да се вратат на работа, олабавувањето на мерките за заштита на населението ќе значи дека помалите деца итно ќе имаат потреба од згрижување штом нивните родители се вратат на работа.

Овој документ се надоврзува на претходно развиени препораки но е посебно насочен кон детски градинки бидејќи овие институции се единствени во нивниот педагошки пристап и поставеност, специфичен за помали деца и нивниот двоен фокус на згрижување и учење. Документот идентификува сеопфатни принципи, како и практични мерки кои треба да се земат предвид при повторното отворање на детските градинки, поконкретно за децата на тригодишна возраст и нагоре[iv].

## ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ ЗА ПОВТОРНО ОТВОРАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Одреден број на сеопфатни водечки принципи може да им помогнат на носителите на одлуки да го планираат и спроведат повторното отворање на детските градинки. Во основа, овие принципи се темелат на потребата да се постигне баланс меѓу поддршката за ефективно учење и

добросостојбата кај малите деца, од една страна, и обезбедување здравје, хигиена и безбедност за децата, персоналот и целата заедница, од друга страна.

1. **Одвојување време за планирање и подготовка пред отворање на детските градинки.** Избегнувајте брзање во процесот на отворање на детските градинки без притоа да има воспоставен соодветен план за справување со различни аспекти од отворањето вклучувајќи прилагодувања за учењето, смените, протоколите за хигиена итн. Сеопфатен пристап ќе биде најефективен – вклучувајќи комуникација и поддршка за негувателите, воспитувачите, административниот персонал, заедницата и локалната самоуправа. Помеѓу клучните аспекти кои треба да се земат предвид се: обука за воспитувачите за очекувањата и начините на работа со адаптираната програма за рано учење и развој, како и јасна комуникација со родителите.

2. **Намалување на чувството на страв при заштитата на децата**. Постапувањето со цел децата да бидат безбедни е клучно, меѓутоа, предучилишното опкружување не смее да наликува на болница. Изминативе месеци создадоа вознемиреност кај децата (сите тие се соочија со промени во рутината, конфузни информации, итн.). Повеќе од било кога, на децата им се неопходни безбедни, пријатни и стимулирачки опкружувања. Повторното отворање на детските градинки подразбира и дека децата треба да се вратат на истото ниво на нормалност и рутина, колку што постои можност за тоа, и притоа разумно да се обезбеди заштита во средината каде децата си играат и учат.

3. **Детските градинки одржуваат практики кои се по мерка на децата и кои се соодветни за развојот**. Држењето на децата на безбедно растојание не треба да ја спречи нивната социјализација, практична реализација на програмата и игра преку кои се унапредуваат сите развојни области. Малите деца се немаат сменето, иако многу аспекти во нашиот свет се смениja. Развивање јасен план со кој ќе се обезбеди целисходна игра каде детето има централно место и наставни активности во контекст на физичкото дистанцирање, за коешто е неопходно и приспособување на програмата и практиките на воспитувачите кои се придржуваат до развојните начела.

4. **Обезбедување здрави хигиенски однесувања и практики** кај малите деца како што се: миење раце; покривање на устата при кашлање и кивање; избегнување да се допира лицето (тоа е доживотна вештина). Интегрирање на информации за вирусот во наставата соодветни за возраста на децата, и поддршка во развојот на добри хигиенски практики во дневната рутина– покажување како ефективно се мијат рацете, и определување на одредено време во текот на денот кога децата може да го практикуваат таквото однесување.

5. **Искористување на моментите кога највеќе се учи** за да им се помогне на децата да разберат зошто се преземаат одредени мерки во нивното опкружување и каква е нивната улога во заштитата на нивното здравје и здравјето на врсниците, воспитувачите, негувателите, семејствата, заедниците. Појаснување за децата зошто некои од играчките се отстранети, зошто прозорците се често отворени, кои игри може безбедно да се играат надвор и зошто. Изнаоѓање начини да им се помогне на децата да почувствуваат дека имаат одредена контрола врз своето опкружување.

6. **Работа во партнерство со родителите со цел лесен премин од престојот дома кон посетување предучилишна програма и обезбедување отворена и тековна комуникација**. Иако детските градинки прават заложби да се одржува отворената комуникација, постои одредено нарушување на релациите меѓу родителите и

предучилишниот кадар. Родителите, исто така, чувствуваат анксиозност и за својата и за безбедноста на децата. Комуникацијата со родителите треба да биде јасна, позитивна и отворена за да се избегне создавање паника и страв кај негувателките, создавање позитивни искуства кога родителите ги оставаат и си ги земаат децата, и тековна поддршка која на децата може да им биде потребна дома. Тука спаѓа информирање на семејствата за мерките на заштита и потреба од нивно ангажирање за да се поддржи ефективната примена на тие мерки.

7. **Поставување приоритет на обуката и поддршката за предучилишните воспитувачи и кадар**. Кадарот и воспитувачите ќе имаат тековни потреби за конкретна обука, како и практична поддршка за да се вратат во своите занимални. Тие, исто така, ќе треба да обезбедат рамнотежа меѓу придржувањето до усвоените здравствени упатства и насоките за развојно соодветни педагошки практики. Разгледување можност да се обезбеди поддршка за приспособување на активностите од наставниот план и рутината, по пат на редовна комуникација меѓу воспитувачите за да ги споделуваат и процесираат своите искуства, како и обезбедување дополнителен кадар, според потребите, со цел да нема преоптовареност кај воспитувачите и негувателите.

8. **Усвојување на координиран и интегриран пристап кој ќе осигура дека холистичките потреби на децата се исполнети**. Ковид-19 има повеќеслојни влијанија врз децата. Како што ранливите деца ќе се вратат во детските градинки може да се појават проблеми поврзани со детска заштита, ментално здравје и психосоцијална поддршка, здравје, исхрана и друго, на кои мора да се одговори со оглед на изолацијата наметната од ковид-19. Треба да се осигура дека плановите за отворање на детските градинки вклучуваат дополнителни мерки за поддршка и/или механизми за упатување кои може да се потребни, но и да земаат предвид специфични потреби на ранливи деца и семејства вклучувајќи ги и оние со попреченост.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА НОСЕЊЕ ОДЛУКИ ЗА ПОВТОРНО ОТВОРАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

- При одлучување (целосно или делумно) да се отворат детските градинки, треба да се разгледаат неколку клучни фактори вклучувајќи:
    - на кој начин градинките, воспитувачите, кадарот, родителите и заедниците во целина, се справуваат со затворањето на установите и пандемијата
    - локалната епидемиологија во однос на ковид-19 за областа во која се наоѓа детската градинка
    - поставеноста/опременоста на детската градинка и способноста да се обезбеди превенција и мерки на контрола
    - расположливост на тестови за вирусот (надзор во заедницата и можност за следење на контактите)
    - постоечкото знаење за трансмисија и опасноста на ковид-19, вклучувајќи најнови податоци во однос на тоа каква улога имаат децата за пренесување на вирусот.
- Брзите анкети наменети за родители и воспитувачи во предучилишното образование, во голема мера може да помогнат да се добијат информации за планот за повторно отворање, како и клучни информации што може да се земат предвид – како што е процентот на родители/стратели кои треба да се вратат на работа, кои се најголемите загрижености кај родителите/старателите, колкав процент воспитувачи и негуватели можат да се вратат на работа, итн.
- Консултации со воспитувачите и другиот персонал за нивните грижи и идеи за безбедно отворање на детските градинки. Повратна информација до нив за како нивните мислења и препораки се разгледани.

- Анализа на специфичните придобивки и ризици од отворањето на детските градинки (или делови од детските градинки) и разгледување кои од нив имаат приоритет: кои локации, кои мерки за намалување на ризикот треба да бидат преземени, и области за понатамошна поддршка за родители и воспитувачи.
- Соодветна подготовка за повторно отворање. Избегнување брзи одлуки без соодветно време да се подготват просториите, да се адаптира наставната програма доколку има потреба, и да се поддржат персоналот, родителите во обезбедување лесна транзиција за децата во новата средина.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ БЕЗБЕДНО РАБОТЕЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ[v]

**Дневна хигиена и практики во детски градинки**

- Поставување распоред за редовно чистење на занималните и опкружување на дневна основа, вклучително и тоалетите, со вода и сапун/детергенти и средства за дезинфекција[vi].
- Чистење и дезинфицирање на површини кои често се допираат, како што се кваки, маси, играчки, материјали, штекери, рамки на врати, опрема за игри, наставни помагала кои ги користат децата.
- Доколку е изводливо, на вработените треба да им биде покриено лицето додека се внатре во градинката. Маски за лице не се препорачуваат за мали деца, прекривки за лицето од ткаенина НЕ треба да се ставаат на бебиња и деца под двегодишна возраст во ниеден случај заради опасност од задушување.
- Едуцирајте ги малите деца за спречување на ковид-19 - ова вклучува соодветна и честа хигиена на рацете, респираторна хигиена, како и симптоми на ковид-19 за кои децата можат да бидат свесни.
    - Развијте начин за следење на миењето на рацете и наградување за често/навремено миење на рацете (пејте деснички додека миете раце за да вежбате препорачано времетраење од 20 секунди).
    - Користете кукли за да покажете симптоми (кивање, кашлање, треска), и што да направите ако се чувствувате болни (т.е. главата ве боли, стомакот ве боли, се чувствуваат топло или уморно).
- Едукација за целиот кадар во однос на превенцијата на ковид-19 - тука спаѓа соодветно и често одржување хигиена на рацете, респираторна хигиена, носење маски од страна на вработените кога постои обврска за тоа, симптоми на ковид-19, и како да се постапи доколку некое дете се разболи.
- Изработка на распоред за честа хигиена на раце како дел од дневната рутина на децата и персоналот, и обезбедување доволно алкохолни дезинфекциски средства или сапун и чиста вода на влезот на градинките и низ сите внатрешни простории. Размислете за визуелни постери во градинките, коишто ќе ги гледаат и ќе се потсетуваат децата и вработените.
- Зголемете го протокот на воздухот и вентилацијата во просториите кога климата го дозволува тоа.
- Осигурете се дека ѓубрето се отстранува соодветно и редовно.

**Безбедност и хигиена поврзани со подготовка и послужување на оброци во градинка**

- Почитување на националните правилници за безбедност на храна и принципите на соодветна хигиена и безбедност на храната од страна на ракувачите на храна при купување, испорака, складирање, подготвување и дистрибуција на оброци.
- Прикажете визуелни потсетници за принципи на хигиена при подготовка на храна, вклучително и секојдневно чистење и дезинфекција на површини за подготовка на храна, кујни и места за јадење, како и алатки за готвење и прибор за јадење.
- Обезбедете ракувачите со храна да имаат средства за чистење и дезинфекција и следете го спроведувањето на правилата, вклучително и редовно миење на рацете. Онаму каде што е соодветно, обезбедете превентивен материјал (маски и нараквици).

- Осигурете се дека се воспоставени специфични мерки за привремено ограничување на персоналот кој страда од заразна болест од производство на храна или контакт со простории во кои се врши подготовка. Ова е особено важно ако тие развијат симптоми на треска.
- Прекинете ги опциите за храна во стил на самопослужување и понудете индивидуални порции за храна секогаш кога е можно.
- Оброците можат да се организираат во трпезаријата или во други простории со поголем простор, како сала, библиотека и други поголеми простории. Обидете се да го задржите растојанието помеѓу децата што е можно поголемо, со оглед на бројот на деца и големината на трпезаријата. Оброците можат да се организираат и во просторијата каде што децата престојуваат доколку храната однапред се дели на порции.
- Безбедно растојание меѓу децата треба да се следи и кога децата се во ред да ја добијат храната, направете план при што истите деца јадат заедно.
- Минимизирајте ги ризиците од ширење на зараза. Потсетете ги децата да не ја делат храната или да допираат нечија храна или пијалок и советувајте ги да не делат прибор, храна и сл.
- Ограничете ги другите лица (на пример, технички персонал) да не влегуваат во просторот што се користи за јадење сè додека децата се во него.

**Постапување во случај на разболено дете или вработено лице**

- Запознавање на вработените со важноста да се биде претпазлив на симптомите и да останат во контакт со раководството на установата доколку или кога почнуваат да се разболуваат.
- При пристигнување и заминување од работа, се препорачува дневно мерење на температурата за сите вработени со бесконтактен термометар, како и утврдување дали имаат респираторни симптоми или знаци на други заразни болести.
- Вработените со зголемена телесна температура, респираторни симптоми и други симптоми на заразна болест не треба да доаѓаат на работа, да се грижат за децата или да доаѓаат во просториите на установата.
- Раководството на предучилишните установи треба да воспостави шема за замена на персоналот што се активира во случаи на заболувања.
- Воспоставување процедури со цел децата и вработените кои ќе дојдат во предучилишната установа се болни или пак се разболат, да се пратат дома колку што може поскоро.
- Одделување на децата и вработените кои се болни од останатите деца и вработени додека не заминат дома. Следете ги соодветните државни насоки по ова прашање.
- Размислете за потребата од водење на евиденција на деца кај кои е регистрирана зголемена телесна температура и појава на други симптоми додека се во градинка како поддршка на следење на контакти во случај на потврда за ковид-19.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОБРОСОСТОЈБАТА И РАЗВОЈОТ КАЈ ДЕЦАТА

**Физичко дистанцирање во детските градинки**

- Проценка на тоа што може разумно да се примени за да се ограничи директниот физички контакт меѓу децата, имајќи ги предвид развојните принципи и фактот дека малите деца по природа се физички и социјални битија.
- Отворање на детските градинки да работат во смени за да се ограничи бројот на присутни деца во една група во секое време. Половина од децата може да посетуваат програма претпладне, а другата половина попладне.
- Зголемување на бројот на воспитувачи и негователи, доколку постои можност за тоа, за да се овозможи помал број деца во занималните (доколку тоа го дозволува просторот).
- Проценка за можноста да се одржува растојание од најмалку 1 метар[vii] меѓу сите што се присутни во предучилишната установа – тоа значи меѓу воспитувачот и децата, и помеѓу децата. Важно е да се истакне дека на малите деца им е неопходна грижа, исто колку што

им е неопходно образование. Во однос на обезбедувањето грижа (на пример, помагање на детето да се соблече и облече, поддршка при хранењето, или давање емоционална утеха кога детето е вознемирено), одржувањето физичка дистанца може ниту да биде возможно, ниту се препорачува. Воспитувачите и директорите во детските градинки треба да имаат дискреционо право и да се придржуваат до развојните принципи кога станува збор за постигнување согласност како разумно да се одржува дистанца меѓу вработените и децата.

- Дискусија за и запознавање на децата и вработените со начините на поздравување без контакт. Таквиот начин на поздравување треба да биде забавен и по мерка на децата, како што е кажување здраво на знаковниот јазик, покажување на знакот за мир, мавтање со рака, намигнување, итн.
- Обезбедување поголем простор меѓу масите, столиците и местата на подот каде децата си играат.
- Распоредување на одморите/паузите со цел помали групи деца истовремено да си играат на игралиштата или во споделениот простор.
- Ограничено мешање на воспитните групи. На пример, децата во помала група ќе останат во истата група со истите воспитувачи и негуватели во текот на целиот ден, без да се мешаат со децата од другите воспитни групи.
- Доколку постои можност, за време на попладневното спиење, разделување на душеците или креветчињата на децата на поголемо растојание, зависно од тоа колкав е просторот. Кога децата спијат да се поставуваат обратна положба, таму каде што на едното дете е главата кај другото да бидат нозете за да се намали потенцијалот од ширење на вирусот.

**Создавање услови за учење**

- Одржување на часовите и активностите колку што може повеќе на отворено, кога тоа го дозволуваат временските услови. Малите деца многу сакаат да бидат надвор, и за нив е побезбедно да учат надвор отколку внатре во сегашните услови. Приспособување на програмата за да може да се спроведуваат на отворено- на пример, надворешната опрема и природата се користат како наставни материјали за учење (работа со децата седнати во круг, учење за природата итн.), и јакнење на искуствата од учењето преку надворешна физичка активност (игри за груба моторика, танц, спорт, итн.).
- Проветрување на просториите колку што може почесто во текот на денот; одредување простор за учење на начин на кој се почитува просторот меѓу децата и притоа е задржано чувството на заедништво – на пример, означување на местата каде се седи и стои (со употреба на разни материјали, како што се леплива трака, заокружување на местата, јаже по кое се оди и на кое има поставено држачи, итн.)
- Распределување на децата по помали групи или по 2-3 деца за да се поддржи нивната интеракција додека се ограничени активностите во поголеми групи.
- Приспособување на наставниот план и употреба на креативни педагошки практики со цел искуствата од учењето да бидат преку игра во услови на пандемија (на пример, проект преку кој децата учат и истиот се надополнува на искуствата на децата од пандемијата; примена на имагинативни игри за да им се помогне на децата да се справат со стресот и да се унапреди нивната резилиентност; користење на моментите кога децата највеќе учат за да им се помогне да дознаат повеќе за пандемијата и каква е нивната улога во обезбедувањето јавно здравје)
- Урамнотеженост на индивидуалните активности за учење со мала групна интеракција; примена на креативност за да се комбинира индивидуалната и групната интеракција (на пример, индивидуални вежби за рефлексија/индивидуална работа, по што следува „свртисе и покажи му на другарчето до тебе")

**Играчки, материјали, игри и рутина**

- Играчките и материјалите кои не може да се дезинфицираат или исчистат треба да се отстранат – на пример, тоа се меките играчки. Меѓутоа, многу материјали и играчки може и понатаму да се употребуваат доколку на децата им се укаже дека треба да ги мијат рацете

пред и по употребата. Давање инструкции на децата да избегнуваат да ги ставаат играчките/материјалите во уста.

- Поставување на шкафчиња за секое дете каде има фломастери, ножици, боички, и секое дете ќе може да ги користи на начин за да и понатаму се охрабрува креативноста и изработката на ракотворби, без истите да мора да се споделуваат меѓу децата.
- Ставање акцент на имагинативни игри, физички игри со држење одредена социјална дистанца, пеење, индивидуални проекти за ликовно изразување, итн.
- Игри и проекти каде секое дете може поединечно да придонесе (едно по едно) одлично може да функционираат – на пр: ајде сите заедно да направиме приказна, еден по еден; децата едно по едно додаваат на цртежот на ѕидот, итн.
- Особено користење на интерактивно читање на глас и забавни активности за целата група деца, како што се куклени претстави од страна на наставникот, или нова песничка која секое дете може да ја научи.
- Детски книги, како и други материјали од хартија, на пример пошта или пликоа, не се смета дека се од висок ризик за пренесување на вирусот и за нив не е потребно дополнително чистење или процедури за дезинфекција.
- Избегнување да се споделуваат играчките помеѓу воспитните групи пред да бидат измиени и/или дезинфицирани

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОДДРШКА И КОМУНИКАЦИЈА СО РОДИТЕЛИТЕ

- Информирање на родителите за мерките кои ги воведува предучилишната установа и барање тие да соработуваат и да пријавуваат случаи со ковид-19 во нивните домаќинства. Доколку за член на домаќинството постои сомнение дека е позитивен на ковид-19, да се даде упатство на родителите дека децата треба да се чуваат дома и за тоа да се информира предучилишната установа.
- Спроведување на политиката „остани дома ако не се чувствуваш добро” за децата кои имаат симптоми. Доколку постои можност, остварување врски со локални организации кои даваат поддршка за домашна нега и обезбедување комуникација меѓу домаќинствата и детските градинки. Да се сподели со родителите важноста на редовно мерење температура кај себе и кај децата и да се чуваат децата дома во случај на покачена температура.
- Подготовка на јасни процедури за оставање и земање на децата, со кои не се создава паника кај семејствата и децата; на децата треба повторно да им се всади доверба од страна на негувателките и воспитувачите по неколку неделното отсуство од градинка. Стресот и траумата кои може да се јават кај децата поради „нивното оставање на ивичниците на тротоарите” треба да се сведат на минимум.
- Распоредување на времето за оставање и земање на децата и/или вработените излегуваат од установата за да ги преземат децата при пристигнување. Во идеални услови, истиот родител/определено лице треба да го остава и зема детето. Давање совети да не се создаваат гужви кога се земаат децата,  и доколку постои можност, да се избегнува децата да бидат земени од постар член на семејството или други членови на заедницата (на пр: баби и дедовци).
- Изработка на листа за проверка која родителите ќе ја користат за да одлучат дали децата можат да одат во градинка, земајќи ја предвид локалната епидемиологија со ковид-19. Таа листа за проверка треба да содржи:
    - здравствени состојби и ранливости, на децата или членовите на семејството; последни заболувања или симптоми кои укажуваат на ковид-19, посебни околности во домашното опкружување, за да се направат прилагодувања согласно потребната поддршка; Поставување корисни постери или визуелни прикази кои ќе

служат како потсетници за родителите во околината на предучилишната установа и при оставање на децата.

- Јакнење на механизмите за комуникација и координација со кои се унапредува одржувањето редовен дијалогот и ангажман со родителите за да се олесни стресот, анксиозноста и за да се обезбеди континуитет за децата меѓу домот и градинката. Поддршка за воспитувачите и раководството постојано да испраќаат позитивна комуникација кон родителите.
- Редовно проверување на семејствата во однос на тоа како се чувствуваат тие и нивните деца. Изработка на механизми за упатување на семејства кои имаат потреба од психосоцијална поддршка.

## ПРЕДОЛГ МЕРКИ ЗА ОБУКА И ПОДДРШКА НА КАДАРОТ

- Политиките треба да обезбедат заштита за кадарот, воспитувачите, негувателите и децата кои се во висок ризик заради возраста или здравствената состојба, со план како да се замени отсутниот кадар и да се продолжи далечинското образование за децата кои не можат да посетуваат градинка, и прилагодување на индивидуалните околности до најголем можен степен. Воспоставување флексибилни политики и практики за отсуство.
- Давање инструкции на вработените за нивната обврска да го следат сопственото здравје и состојбата кај децата и да се придржуваат до процедурите согласно на препораките поврзани со превенција на ковид-19 (вклучително и почитување на мерките за одржување социјална дистанца и употреба на лична заштитна опрема).
- Обука за административниот кадар, воспитувачите и негувателите за примена на задолжителни практики за хигиена и безбедност и зголемување на бројот на кадар во детските градинки според потребите. Помошниот кадар за чистење, исто така треба да се обучи за вршење дезинфекција и да се опреми со лична заштитна опрема до најголем можен степен.
- Поддршка за воспитувачите да ја прилагодат програмата и дневната рутина на децата на ефективен начин, вклучително и повторно обмислување на кој начин може да се одвиваат активностите и игрите со целата група деца, како да се воведе овие воспитно-образовни активности да се спроведуваат на отворено, итн.
- Подобрување на компетенциите кај воспитувачите за поддршка на социо-емоционалните потреби на децата. Обука на воспитувачите и негувателите како да се справуваат со менталното здравје и психо-социјалните потреби на децата. Помош за воспитувачите да разберат дека, исто како и возрасните, повеќето деца се веќе вознемирени и под стрес и дека преминот ќе биде тежок на почеток. Сосема е очекувано да има и проблематично однесување. Преку заложбите за обука на воспитувачите и негувателите треба експлицитно да се подобри нивната способност да одговорат на основните психо-социјални потреби на децата, особено во детските градински каде има голем процент на деца во ризик.
- Воспитувачите треба да се обучат како да идентификуваат однесување и когнитивни промени според возраста и да даваат поддршка во учењето соодветно на возраста на децата.
- Редовно проверување на состојбата кај воспитувачите и вработените и поддршка за нивното ментално здравје и психо-социјални потреби.

## ЗАКЛУЧОК

Во однос на повторното отворање на детските градинки по кризата со ковид-19, директорите, воспитувачите, негувателите и семејствата се исправени пред голем предизвик како да работат заеднички, и притоа *не само да се балансира туку и да се интегрира* потребата од придржување до прилагодените и разумните државни здравствени упатства со создавање на безбедно пријатно

и стимулирачко опкружување во кое се унапредува физичкото здравје, емоционалната безбедност, социјалното поврзување и ангажираното учење кај малите деца. Инклузивната и рана соработка и комуникација меѓу сите чинители е клучна за да се спроведат неопходните мерки. Важно е да се задржи флексибилноста и да се менуваат пристапите според потребите, и притоа да се обезбеди учење и споделување на добрите практики[viii]..

Користена литература и фусноти:

[i] *Рамка за отворање на училиштата*, април 2020. https://www.unicef.org/media/68366/file/Framework-for-reopening-schools-2020.pdf
[ii] *Рамка за отворање на училиштата*, април. https://www.unicef.org/media/68366/file/Framework-for-reopening-schools-2020.pdf
[iii] *Аспекти на јавно-здравствените мерки во врска со училиштата во контекст на ковид-19*, мај 2020. https://www.who.int/publications-detail/considerations-for-school-related-public-health-measures-in-the-context-of-covid-19
[iv] Иако принципите и мерките кои се опишани во овој документ со насоки се исто така применливи и за повторно отворање на дневните центри и јаслите за деца на возраст од 0-3, за помалите деца треба да се разгледаат дополнителни мерки и аспекти, особено во однос на балансирањето на физичкото дистанцирање при негата и поддршката.
[v] Предлог мерките се преземени од *Аспекти на јавно-здравствените мерки во врска со училиштата во контекст на ковид-19*, мај 2020. https://www.who.int/publications-detail/considerations-for-school-related-public-health-measures-in-the-context-of-covid-19
[vi] СЗО препорачува 70% етил алкохол за дезинфекција на помали површини и области и опрема, или натриум хипохлорит 0.1% за дезинфекција на површини.
[vii] *Аспекти на јавно-здравствените мерки во врска со училиштата во контекст на ковид-19, мај 2020*. https://www.who.int/publications-detail/considerations-for-school-related-public-health-measures-in-the-context-of-covid-19
[viii] Ibid

Acknowledgments
This document was developed in consultation with country offices from Europe and Central Asia. Feedback from colleagues from other regions, HQ, and partners will continue to strengthen it further.